PEUGEOT 5008

PEUGEOT веќе 210 години ја почитува високо квалитетната и иновативна франацуска производна традиција. Сега повеќе од кога и да è, PEUGEOT ја вложува целата своја енергија во дизајнирање на возила со впечатлив изглед кои даваат сензитивно искуство при возењето со активирање на сите сетила.

Ние внимателно работевме на секој детаљ од ергономијата, употребата на високо квалитетни материјали до поврзаноста, за да Ви обезбедиме поинтуитивно возење. Повеќе од сè сакаме да Ви понудиме слобода на избор затоа што купувачите биле и секогаш ќе бидат нашиот главен фокус.

04 ДИЗАЈН
10 PEUGEOT i-COCKPIT
16 ПОВРЗАНОСТ
18 УДОБНОСТ
22 БЕЗБЕДНОСТ
30 МОТОРИ
34 ПЕРСОНАЛИЗАЦИЈА

ВПЕЧАТЛИВ ДИЗАЈН.

СОВРЕМЕН СТИЛ.

Проширете ги Вашите хоризонти. Модерната силуета на PEUGEOT 5008 со 7 седишта е обновена и сега изгледа постилски и елегантно, воспоставувајќи совршен баланс помеѓу моќта и префинетоста. Динамичниот и спортски став на неговата подигната каросерија е истакнат со хромиран додаток што ја продолжува линијата на предните светла до задниот спојлер. Исто така новитет се новите 19" "San Francisco" алуминиумски наплатки со дијамантски сјај, кои го додаваат последниот шмек на неговата атлетска силуета.

* Достапно како стандард есклузивно на верзијата GT Pack во зависност од земјата.

ВО ЧЕКОР СО ИДНИНАТА.

Естетски совршениот и елегантен преден дел на PEUGEOT 5008, кој е украсен со нова декоративна решетка без рамки и препознатливото осветлување на брендот, целосно незабележливо се вклопува со новиот браник со метален штит и страничните отвори за воздух во црна боја. Неговиот мачкаст изглед е нагласен со Full LED предните светла со функцијата SDL*, врамени со дневни светла во форма на „осветлени заби“ со хромирани врвови.

* Функција за статичко насочено осветлување, што значително ја подобрува видливоста при свиоци, достапна како стандард кај GT и GT Pack верзиите и како опција кај ACTIVE и ALLURE верзиите.

ПОВИСОК ПРЕСТИЖ.

На задниот дел, модерниот дизајн на PEUGEOT 5008 е истакнат со совршено усогласената сјано црна лента, новите Full LED предни светла со 3D светлосен потпис во форма на лавовски канџи покриени со транспарентно придушено стакло и индикатори за правец.

ПОДОБРЕНА ТЕХНОЛОГИЈА.
PEUGEOT
LIST
SRC

ЗБОГАТЕТЕ ГО УЖИВАЊЕТО ПРИ ВОЗЕЊЕ.

Разбудете ги Вашите сетила зад управувачот со модернизираниот, иновативен и ергономски PEUGEOT i-Cockpit®. Опремен со компактен управувач за подобро управување и седум „Toggle дирки"*, PEUGEOT 5008 е подобрен со нов 10" HD централен екран на допир и нова 12,3" head-up висококвалитетна дигитална инструмент табла, целосно може да се конфигурира и да се прилагоди за да ги следите главните информации за возењето без да го тргнете погледот од патот. Самопотемнувачкиот внатрешен ретровизор без рамка „Frameless"** додава финален функционален и естетски допир.

*Прекинувачи во форма на дирките на пијано овозможуваат пристап до главните функции за удобност.
** Ретровизор без рамка. Стандардно за верзиите GT и GT Pack.

УЖИВАЈТЕ ВО УДОБНОТО СЕДЕЊЕ.

Кога удобно се сместивте на заобленте, прилагодливи AGR* седиштата со функција за масажа**, можете да уживате во квалитетна завршна обработка на украсни додатоци и навлаките со квалитетни и безвременски материјали.

* AGR седишта (Aktion Gesunder Rücken: Германско здружение за здравје на грбот): стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата.
** Функции за електрично прилагодување и масажа: стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата.

НОВА ИНСТРУМЕНТ ТАБЛА.

Со подлабоки црни тонови и подобар контраст, новата прилагодлива 12,3" head-up дигитална инструмент табла обезбедува подобар квалитет на приказ и оптимизирана читливост на информациите избрани од возачот за негова побрза реакција.

НОВ ЕКРАН НА ДОПИР.

Новиот 10-инчен екран на допир со висока резолуција*, читлив и одговорен, овозможува пристап до сите функции на возилото и воспоставување конекција.

*Стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата.

СЕКОГАШ ПОВРЗАНИ.

За да патувате спокојно, новиот 10-инчен екран на допир со висока резолуција е достапен со поврзана 3D навигација со препознавање на глас и TomTom услуги*, дозволувајќи им на сите информации за возење да бидат прикажани во реално време.

Користете ја функцијата Mirror Screen** за да се прикажат Вашите компатибилни апликации на екранот на допир и да го наполните телефонот*** на централната конзола. Во задниот дел исто така за патниците се достапни два приклучока за полнење преку USB****.

*Сообраќај во реално време (во зависност од дестинацијата), цените на горивата, паркинзите, временски услови, локално пребарување. Сите овие услуги доаѓаат со 3-годишна претплата што може да се продолжи или последователно да се обнови со доплата.
**Стандардно, опција или недостапно во зависност од верзијата. Mirror Screen овозможува да се прикажат апликациите од паметните телефони на екранот на допир. Функцијата Mirror Screen работи преку Android Auto (за Android телефони) и Apple CarPlay™ (за iOS телефони) или преку технологијата MirrorLink® (за паметни телефони со Android компатибилни со MirrorLink® и само во комбинација со опремата „Peugeot Connect Radio"), под услов да имате мобилен или Интернет Договор. Само овие три специфицирани апликации ќе работат кога возилото е во мирување или кога возите, во зависност од случајот. Кога возите, некои карактеристики ќе бидат оневозможени. За некои видови на содржини кои може да се користат бесплатно на Вашиот паметен телефон, ќе бара претплата на одредена Android Auto, Apple CarPlay™ или MirrorLink® апликација. За повеќе информации посетете ја веб-страната на PEUGEOT за Вашата земја.
***Стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата - Индукциско полнење за уреди компатибилни со Qi стандардот.
****Стандардно, опција или недостапно во зависност од верзијата.

ЗАСИЛЕТЕ ЈА ЧИСТОТАТА НА ЗВУКОТ.

Искористете го целосно системот Hi-Fi Premium од брендот Focal®* кој нуди задоволство со чистиот и деталниот звук, емитуван на 10 интегрирани звучници. Централниот звучник и високотонците се со нова „Bronze Belem" боја.

*Focal® е француски бренд кој е водечки светски производител на Hi-Fi системите. Нискотонецот се наоѓа под совозачкото седиште за да нема влијание врз просторот во багажникот. Стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата.

ПРОШИРЕТЕ ГИ ВАШИТЕ ХОРИЗОНТИ.

Кров во „Black Diamond", надополнет со алуминиумски кровни носачи, го подобрува робусниот и флуиден дизајн на неговата силуета. Панорамскиот сончев кров* додава попријатно чувство и светлина во патничкиот простор, обезбедувајќи возбудливо искуство при патување за сите патници.

* Стандард, опција или недостапно ви зависност од верзијата.

ИСКОРИСТЕТЕ ЈА МОДУЛАРНОСТА ...

Компактен во својата категорија, новиот PEUGEOT 5008 открива голем волумен на багажникот.
Внатрешниот распоред е интелигентно оптимизиран за да се овозможи одлична просторност и неограничена (скоро) модуларна од 1 до 7 седишта*. Детски пакет** е достапен за вториот ред седишта, кој вклучува седишта кои се преклопуваат и штитници за сонце.

*Внатрешниот простор е прилагодлив благодарение на независните, склопливи седишта во 2 и 3 ред (исто така може да се извадат во 3 ред).
**Стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата.

...И ПРОСТОРНОСТА.

PEUGEOT 5008 открива голем простор во багажникот* до кој можете лесно да простапите благодарение на hands-free задната врата** која овозможува да ја отворите и затворите со едноставно движење на стапалото.

*Голем волумен на багажникот од 700dm3 (VDA 210) до 1940 dm3 (VDA 214). Можност за сместување на долги предмети, до 3,20 m, благодарение на совозачкото седиште кое може да се преклопи.
**Стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата.

ЕФИКАСНОСТ ПРИ ВОЗЕЊЕ.
WA-008-XH



КОНТРОЛИРАЈТЕ ГИ СИСТЕМИТЕ ЗА ПОМОШ ПРИ ВОЗЕЊЕ.

Кога сте на пат, бидете придружувани од бројните системи за помош при возење* во PEUGEOT 5008, како што е најновата генерација на автоматско сопирање во итни случаи** или препознавање на голем број сообраќајни знаци***.

За спокојно возење низ град , исто така, искористете ја помошта за маневрирање и паркирање*: визуелна помош при паркирање од 360° и Park Assist.

*Стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата.
**Детекција на пешаци и велосипедисти, дење и ноќе, до предупредување за ризик од судир. Стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата.
***Детектирање на знаци за ограничување на брзина и крај на ограничување на брзина, како и стоп, еднонасочни, знаци за забрането претекнување...

УЖУВАЈТЕ ВО ПОЛУ-АВТОНОМНОТО ВОЗЕЊЕ.

Дознајте за полу-автономното возење со пакетот „Drive Assist Plus“*. Со системот за позиционирање во лента** и адаптивниот темпомат со функција Stop & Go, тој автоматски ја прилагодува Вашата брзина за да одговара на автомобилот кој што е пред Вас, одржувајќи безбедно растојание за сопирање, додека ја обезбедува траекторијата во согласност со посакуваната позиција на возачот.

* Само со менувач EAT8. Достапно како стандард, опција или недостапно во зависност од верзијата.
** Систем кој се користи за одржување на положбата на автомобилот во лентата која е избрана од возачот (лево, десно или во центарот на лентата).



ПРЕГЛЕДНОСТ И ДЕЊЕ И НОЌЕ.

За подобра реакција ноќе или кога видливоста е намалена, инфрацрвената камера на системот „Night Vision"* детектира присуство на пешаци или животни до 200 m пред возилото, надвор од опсегот на предните светла. Сликата се прикажува во Вашето видно поле на дигиталната инструмент табла заедно со звучен сигнал за предупредување.

* Night Vision. Опција или недостапно во зависност од верзијата.

ПРОШИРЕТЕ ГО СВОЕТО ПОЛЕ НА ДВИЖЕЊЕ.

Со технологијата „Напреден Grip Control“*, имате поголема слобода на дејствување. Возењето со PEUGEOT 5008 можете да го прилагодите на временските услови и патиштата. На стрмни падини, функцијата „Hill Assist Descent Control“** помага да се контролира брзината.

**Оптимизиран систем против лизгање кој овозможува 4 режими на држење на патот: Нормален, снег, кал и песок. Достапен како опција во зависност од верзијата.
**HADC: Помош при стартување на угорнина. Достапна како опција во зависност од верзијата.

ЕФИКАСНИ МОТОРИ.



БИДЕТЕ ЕФИКАСНИ.

Агилен и лесен за ракување, PEUGEOT 5008 нуди динамични перформанси и акустична удобност на големо патничко возило. Доаѓа со најновата генерација на Euro 6d* сертифицирани PureTech бензински или BlueHDi дизел мотори, сите опремени со„Stop & Start" технологија:

*Нов EURO 6d-Final стандар за емисија кој важи од јануари 2021.

ПОТРОШУВАЧКА НА ГОРИВО И ЕМИСИЈА НА CO_2:

• WLTP**резултати: Потрошувачка на гориво од 5,1 до 7,2 (l/100km) во комбиниран циклус - Емисија на CO_2 (комбинирана) WLTP: 133 до 162 (g / km).

**Вредностите на потрошувачка на гориво и емисијата на CO_2 се наведени во сертификација на WLTP. Од 1 септември 2018 година, новите возила се подложени на Светска хармонизирана постапка за тестирање на лесни возила во светски рамки (WLTP). Ова е нова, пореална постапка за тестирање која ја мери потрошувачката на гориво и емисиите на CO_2. Постапката WLTP целосно го заменува стариот тест, новиот европски циклус на возење (NEDC). Бидејќи условите за тестирање се пореални, потрошувачката на гориво и емисијата на CO_2, измерени според постапката WLTP, во многу случаи се повисоки од оние што се евидентирани според NEDC. Наведената потрошувачка на гориво и емисија на CO_2 може да се разли куваат помеѓу моделите и спецификациите, опциите и типовите на пневматици. За повеќе информации Ве молиме контактирајте го Вашето продажно место. Дознајте повеќе на веб-страницата на PEUGEOT за Вашата земја.

ОСТАНЕТЕ ФЛЕКСИБИЛНИ.

Благодарение на неговите ефикасни мотори, кои можат да се комбинираат со EAT8 автоматски менувач, неговата оптимизирана тежина, малиот радиус на вртење и острото, агилно и прецизно управување, новиот PEUGEOT 5008 овозможува задоволство и уживање при возење.

*Ефикасен автоматски менувач 8. Во зависност од типот на моторот, Peugeot 5008 може да доаѓа и опремен со мануелен менувач BVM6.

ПЕРСОНАЛИЗАЦИЈА.

РАЗУБАВЕТЕ ГО ВАШИОТ ЕНТЕРИЕР.

Уживајте во квалитетните материјали, украсните шевови и завршната обработка на тапацирот и декорацијата што се нудат за опремување на Вашиот PEUGEOT 5008 и изберете ја внатрешноста што Ви одговара

1. Ткаенина MECO*
2. TEP / ткаенина COLYN со зелено порабување Mint**
3. Napa кожа Club во црна Mistral со црвено порабување Tramontane***
4. TEP / Alcantara® во црна Mistral****
5. Napa кожа во црвена боја*****

* Стандард кај ACTIVE / ACTIVE Pack.
** Стандард кај ALLURE / ALLURE Pack.
*** Опција кај ALLURE / ALLURE Pack / GT / GT Pack.
**** Стандард кај GT / GT Pack.
***** Опција кај GT / GT Pack.









ИСТАКНЕТЕ СЕ СО БОЈАТА НА КАРОСЕРИЈАТА.

Изразете го Вашиот темперамент со избирање на Вашата нијанса на боја од достапната палета на бои.

*Стандардно.
**Опција.

Металик Copper*

Сива Artenese**

Сива Platinium**

Црна Perla Nerra**

Сина Célèbes**

Бела Perla**

Црвена Ultimate**

ПОСЛЕДЕН ДЕТАЉ ЗА СОВРШЕН ИЗГЛЕД.

Доколку сакате дополнително да го потенцирате изгледот на Вашето возило, можете да изберете една од петте предложени наплатки.

* Стандардно кај ACTIVE / ACTIVE Pack.
** Стандардно кај ALLURE / ALLURE Pack.
*** Стандардно кај GT.
**** Стандардно кај GT Pack.
***** Поврзано со опцијата Black Pack кај GT/ GT Pack.

17" алуминиумски н
аплатки CHICAGO*

18" алуминиумски наплатки
DETROIT** со дијаматски
сјај и сива Storm

18" алуминиумски наплатки
DETROIT*** со дијамантски
сјај и црна Onyx

19" алуминиумски наплатки
SAN FRANCISCO**** со
дијамантски сјај и несјајна црна Onyx

19" алуминиумски наплатки
WASHINGTON со дијамантски сјај
и црна Onyx Black Mist*****

Следете нè на:
FB / PeugeotMacedonia
Instagram / Peugeot_Macedonia
Linked In / Peugeot-Macedonia

PEUGEOT ВИ ГО ПРЕПОРАЧУВА TOTAL

www.peugeot.mk